**ПР ОБЈАВА / АПРИЛ, 2023**

# Мрежа на млади финансиски инфлуенсери – FinFluencers

## Поставување основа за создавање на мрежата на „млади финансиски инфлуенсери“

Создавањето на мрежа на млади финансиски инфлуенсери е еден од клучните резултати на проектот FinFluencers. Додека проектните партнери работат на создавање материјал за обука за подобрување на финансиската писменост кај младите – достапен на платформа за е-учење со отворен пристап за млади која ќе биде достапна на англиски, бугарски, грчки, македонски и португалски јазик, во исто време се прават првите чекори кон развивање на мрежата на млади финансиски инфлуенсери во државите кои се дел од спроведувањето на проектот. За таа цел, партнерите идентификуваа пет млади лица (по едно лице од Грција, Португалија и Република Северна Македонија, како и две лица од Бугарија) кои ќе присуствуваат на проектниот состанок во Португалија на почетокот од јуни, 2023 година, организиран од партнерската организација, “OTB” во Фаро. Како дел од состанокот во Португалија ќе биде одржана обука, каде што младите финансиски инфлуенсери од секоја држава ќе учествуваат со цел да бидат воведени во клучните точки на методологијата за обука кои ќе бидат опишани во водичот за „млади финансиски инфлуенсери“. Сесијата ќе се состои од осум академски часови и ќе се спроведе врз основа на методологијата и правилата на Youthpass. „Водичот за млади финансиски инфлуенсери” се создава за да служи како прирачник за организирање и одржување на мрежите во секоја земја. „Водичот“, ќе вклучува теми како што се:

1) Вовед во проектот; 2) Методологија за организирање и водење на мрежите во секоја земја; 3) Предлог теми, вежби и почетни активности за секој состанок; 4) Воспоставување однос со потенцијалните учесници; 4)Поттикнување размена на идеи во Мрежата; 5) Покана на надворешни говорници, итн.

Водичот ќе биде преведен на сите јазици и ќе биде прикачен на онлајн платформата “FinFluencers”.

## Што претставуваат мрежите на младите финансиски инфлуенсери?

Мрежите ќе функционираат како заедници. Откако лидерите на мрежите ќе се обучат на претстојниот состанок во Португалија, тие ќе се вратат во своите држави и ќе ја тестираат методологијата во нивната земја. Во секоја држава ќе бидат организирани најмалку три сесии со по пет учесници во период од шест месеци. Секоја мрежа ќе биде организирана од страна на обученото младо лице (како фасилитатор) со поддршка од локалниот партнер во соодветната земја. Секоја мрежа ќе одржи најмалку три настани со пет (или повеќе) учесници кои ќе се состојат од активности од типот на состаноци, разговори или слично, каде што младите лица ќе имаат можност да ги споделат своите идеи и искуства. Отворениот и иновативен пристап при вмрежувањето е од суштинско значење за одржливоста и развивањето на мрежите.

## Следни чекори

Паралелно со останатата работа, проектните партнери ќе ја финализираат и тестираат онлајн платформата на FinFluencers, која ќе биде достапна на пет различни јазици во септември, 2023 година. Создадената мрежа на млади финансиски инфлуенсери и создадениот тренинг материјал за одржување обуки, кои треба да бидат спроведени од проектните партнери, како и од финансиските инфлуенсери, со цел да им овозможат на останатите млади да се стекнат со финансиско знаење, како и да изградат соодветни финансиски ставови и однесување се клучните резултати од наведените активности. Првичните пилот сесии ќе се одржат во периодот февруари-април 2023 година во сите пет држави.

Продолжете да ги следите новостите во врска со проектот и посетете ја веб-страната FinFluencers website, како и каналите на социјалните медиуми (Facebook & Instagram), каде што информациите редовно се прикачуваат и објавуваат!

Покрај ова, можете да ги слушате нашите поткаст епизоди овде: https://finfluencers.org/podcasts.

Co-funded by the European Union

The European Commission's support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents, which reflect the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.